# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТОТ ОСНОВИ НА БЕЗБЕДНОСТА И БЕЗБЕДНОСНИОТ СИСТЕМ НА РМ НА ПОЛИЦИСКАТА АКАДЕМИЈА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Полициската академија во Скопје, на својата редовна седница одржана на 22.05.2006 год., не одреди за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по предметот основи на безбедноста и безбедносниот систем на РМ.

Комисијата, по разгледувањето на добиената документација, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На Конкурсот распишан од Наставно-научниот совет на Полициската академија во Скопје, објавен во весникот вДневникг од 28.04.2006 год.,, за избор на наставник по предметот основи на безбедноста и безбедносниот систем на РМ, се пријави кандидатот, вонреден професор д-р Томе Батковски.

## I. ОСНОВНИ БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Вон.проф. д-р Томе Батковски, роден е во Охрид на 23.09.1952 год. Основно и средно образование завршил во родниот град. Високото образование го оформил на Факултетот за политички науки во Белград, каде се стекнал со звањето дипломиран политиколог.

По оформувањето на високото образование, бил вработен во Дирекцијата на фестивалот вОхридско летог, Центарот за печат и радио во Охрид и во НИП вНова Македонијаг. Во 1978 год., стапил во редовен работен однос во РСВР на РМ.

Во 1985 год., се запишал на постдипломските студии по криминалистика на Факултетот за безбедност во Скопје, каде ги завршил во 1989 год., стекнувајќи се со звањето магистер по криминалистички науки.

Во 1986 год., со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за безбедност се вклучува во наставно-образовниот процес како предметен наставник по предметот основи на државната безбедност.

Во 1993 год., кандидатот ја одбранил докторската дисертација на Факултетот за безбедност и се стекнал со научниот степен доктор од областа на безбедноста и општествената самозаштита. Во оваа год., (1993) од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот за безбедност, кандидатот бил избран за предметен наставник по предметот криминологија на противустани дејства, во звањето доцент.

Во 1997 год., кандидатот од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот за безбедност, бил избран за предметен наставник по предметите криминологија на противуставни дејства и криминалитичка тактика на заштитата на уставниот поредок, во звањето вореден професор.

Во периодот до престанувањето на работа на Факултетот за безбедност, кандидатот бил вклучен во работата на оваа високообразовна установа, на додипломските студии и на постдипломските студии по криминалистика, како наставник и ментор во изработката на магистерски тези.

Од 1998 год., кандидатот стапил; во редовен работен однос во институциите на безбедносно разузнавачката заедница на РМ, ангажирајќи се, пред се на полето на откривањето и спречувањето на меѓународниот тероризам и организираниот криминал што ги загрозува виталните интереси на земјата.

## II. НАСТАВНО-ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Наставно-педагошката дејност на кандидатот по неговиот избор во звањето вонреден професор, се одвивала на Факултетот за безбедност, а се состоела во следниве активности:

1. спроведување испити за редовните и вонредните студенти;
2. менторство при изработка на семинарски работи за редовните и вонредните студенти;
3. спроведување испити со кандидати од постдипломските студии по криминалистика;
4. менторство при изработка на магистерски тези/под менторство на проф. д-р Томе Батковски, магистерските тези успешно ги одбранија шест слушатели на постдипломските студии по криминалистика;
5. предавања во рамките на одредени облици на постипломско-специјалистичко образование за стручњаци од безбедносната област, како проектот на програмата Темпус и Кардс/повисок степен обука за борба против организираниот криминал/ и Курсот за полициски менаџмент.

(Напомена: Наставно-педагошката дејност на кандидатот во периодот до 1997 год., односно до неговиот избор во звањето вонреден професор, презентирана е во Билтенот на Универзитетот вСв. Кирил и Методијг, бр.689 од 5.09.1997 год.,).

## III. НАУЧНА И СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

Научната и стручна дејност на кандидатот се одвива во безбедноста и криминолошко-криминалистичката област, со негово теоретско промислување и практичен поридонес во однос на феномените што ги загрозуваат виталните интереси на земјата и меѓународната заедница (меѓународниот тероризам, организираниот криминал, пролиферацијата на оружје и кривичните дела против државата), како и на планот на проучувањето и унапредувањето на безбедносно-разузнувачкиот систем во државни и меѓународни рамки. Притоа, кандидатот учествувал со свои научни прилози на:

- Советувањето на тема вСоработка на РМ со Хашкиот трибуналг... одржано во 2001 год. во Скопје во организација на Здружението за казнено право и криминологија, и
- Научниот собир на тема вКриминалистиката во теорија и практикаг, одржан во БиХ, Бања Лука, во 2005 год., во организација на Полициската академија од Бања Лука.

(Напомена: за учеството на кандидатот на научни собири, советувања и тркалезни маси од безбедносната и криминолошко-криминалистичката област, во периодот до 1997 год., податоци се презентирани во Рефератот објавен во Билтенот на Универзитетот вСв. Кирил и Методијг бр.689 од 5.09.1997 год.).

Експертската дејност на кандидатот од 1998 год., се одвивала во рамките на институционална структура на безбедносно-разузнуважката заедница на РМ при што, акцентот го има ставено врз откривањето и спречувањето на меѓународниот тероризам и организираниот криминал и заштита од надворешни загрозувања на виталните вредности на државата.

## IV. ОБЈАВЕНИ КНИГИ, НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ

Во периодот до неговиот избор во звањето вонреден професор, кандидатот објавил една книга и 29 библиографски единици. Притоа, неговата книга вВелекоалбанската игра во Македонијаг, од страна на Наставно-научниот совет на факултетот за безбедност, била предложена за наградата вГоце Делчевг.
(Напомена: податоците за библиографските единици на кандидатот до 1997 год., презентирани се во Рефератот објавен во Билтенот на Универзитетот вСв. Кирил и Методијг бр.689 од 5.09.1997 год.).

Ги издвојуваме следниве трудови на кандидатот, после неговиот избор во вонреден професор:

- вДосието-безбедносен аспектг, Ревија за криминалистика, криминологија и кривично право вБезбедностг, Скопје, бр.4 од 1999 год.;
- вПоглед врз современата состојба на Косовог, списание вНационалната безбедност и иднинатаг, Загреб, бр.1 од 2000 год.;
- вКриминалистички и пошироки безбедносни аспекти во врска со соработката на РМ со Хашкиот трибуналг, Македонска ревија за казнено право и криминологија, Скопје, бр.1-2 од 2001 год.;
- вЗа некои криминолошки аспекти на албанската мафија и нејзината вклученост во илегалната трговија со наркотициг, Зборник на трудови во рамките на едицијата вОрганизиран криминалг на програмата Темпус и Кардс вПовисок степен обука за борба против организираниот криминалг, Факултет за безбедност, Скопје, 2002 год.;
- вКриминалистички аспекти на откривањето, расветлувањето и спречувањето на тероризмот во фаза на подготвување на ова кривично делог, Зборник во подготовка од научниот собир вКриминалистиката во теорија и практикаг, во организација на Полициската академија до Бања Лука, БиХ, 2005 год.

## V. АНАЛИЗА НА ОБЈАВЕНИТЕ ТРУДОВИ

Во трудот вДосието-безбедносен аспектг, се елаборираат прашањата на поимот и карактеристиките на досието што се формира во безбедносните институции, со акцент врз формалната и материјалната основа на заведувањето, видовите, структурата и користењето на податоците од неговата содржина. Посебна нагласка се става врз проблемот на професионалната комуникација врзана за податоците содржани во досието, имајќи ги во вид службениот карактер и степенот на тајност што го обезбедуваат.

Во трудот вПоглед врз современата состојба на Косовог, кандидатот презентира анализа на безбедносната состојба во оваа Покраина под меѓународен протекторат, во контекст на примената на Резолуцијата 1244 на ООН и импликациите во однос на непосредното соседство и регионот.

Во трудот вКриминалистички и пошироки безбедносни аспекти на соработката на РМ со Хашкиот трибуналг, од една страна, се врши елаборација на прашањето на реализирање на криминалистичките постапки (тактички, методски и технички) во услови на загрозена безбедносна состојба во државата, односно привремено отсуство на извршната и судската власт на дел од територијата, во корелација со неопходноста од ефикасна работа на полето на преткривичната дејност, а од друга, се укажува на потребата од зајакнување на оперативно-тактичката компонента во областа на спречувањето и елиминирањето на разните облици на терористичка активност насочена против виталните интереси на РМ.

Во трудот вЗа некои криминолошки аспекти на албанската мафија и нејзината вклученост во илегалната трговија со наркотициг, се елаборираат етиолошките и феноменолошките прашања врзани за албанската мафија по насловената тема. Посеб-